# ЗА ПРОВЕРКАТА ЗА РАК НА БЕЛИТЕ ДРОБОВИ



Најдобар начин за рано откривање на рак на белите дробови е редовно да се прави проверка за рак на белите дробови.

Ракот на белите дробови е водечка причина за смрт од рак во Австралија. Но, ако се открие рано, во повеќето случаи може успешно да се лекува.

Пушењето цигари е најголемиот фактор на ризик за рак на белите дробови.

Ракот на белите дробови е еден од најчестите видови на рак во светот.

Ракот на белите дробови започнува кога клетките во белите дробови растат неконтролирано.

Проверката функционира така што го открива ракот рано, пред да се појават симптоми, кога не е толку тешко да се лекува или излечи.

Australian Government

NATIONAL LUNG CANCER SCREENING PROGRAM

## Што е проверка за рак на белите дробови?

Проверката за рак на белите дробови вклучува скенирање со компјутерска томографија - КТ (CT) со ниска доза на зрачење за да се откријат рани знаци на рак на белите дробови. Проверката е за лица без симптоми (на пример, со кашлица што не престанува, искашлување крв).

Проверката за рак на белите дробови користи КТ скенирање (со ниска доза на зрачење) за да се пронајдат грутки, наречени нодули (јазли). Повеќето нодули нема да бидат рак.

КТ скенирањето со ниска доза на зрачење за проверка за рак на белите дробови е бесплатно и покриено од Medicare.

## Зошто е важна проверката?

Ракот на белите дробови е водечка причина за смрт од рак во Австралија. Но, ако се открие рано, во повеќето случаи може успешно да се лекува.

Проверката е наменета за здрави лица кои немаат никакви симптоми. Проверката може да ви го спаси животот.

Кога ракот на белите дробови првпат започнува, нема симптоми. Симптоми како што се искашлување крв или необјаснето губење на тежината може да значат дека ракот на белите дробови е во понапредна фаза.

Најдобро време за лекување на рак на белите дробови е кога нодулите се откриваат рано. Кога ракот на белите дробови се открива рано, лекувањето е многу полесно и повеќето луѓе оздравуваат и се враќаат на нормален живот.

Важно е да направите проверка, дури и ако се чувствувате добро.



## Дали ги исполнувам условите?

Имате право да учествувате во програмата ако ги исполнувате следните услови:

**Се на возраст од 50 до 70 години**

**и**

**Немаат симптоми или знаци што укажуваат на рак на белите дробови**
(на пример, необјаснета и постојана кашлица, искашлување крв, отежнато дишење без причина)

**и**

**Пушат цигари или имаат историја на пушење цигари**
(престанале да пушат во последните 10 години)

**и**

**Имаат историја на пушење цигари од најмалку 30 „pack-years“ („кутии-години“)**
(на пример, едно кутија цигари дневно 30 години или 2 кутии цигари дневно 15 години)

**Разговарајте со вашиот доктор за да проверите дали исполнувате услови.**



## Кога треба да одам на проверка?

Разговарајте со вашиот доктор за да проверите дали исполнувате услови да учествувате во програмата. Ако ги исполнувате условите, можете да правите скенирање на секои две години. Потребно е вашиот доктор да ви даде упат за скенирање. Треба да правите проверка дури и кога се чувствувате добро.

## Што ако имам симптоми?

Ако имате некој од овие симптоми, дури и ако вашата последна проверка покажала многу мал ризик или ако сте помеѓу две проверки, ве молиме веднаш консултирајте се со вашиот доктор.

- **Нова или променета кашлица**
- **Искашлување крв**
- **Отежнато дишење без причина**
- **Голем замор**
- **Необјаснето губење на тежина**
- **Болка во градите или рамената што не престанува**

**За повеќе информации за Националната програма за проверка за рак на белите дробови:**
www.health.gov.au/nlcsp

Quitline 13 7848

**За помош да се откажете од пушење:**
www.quit.org.au

DT0004838_V01